културна соработка

СФРЈ — ЧССР

# Денови на словачката култура во социјалистичка република македонија



изложба на

# ЈОЗЕФ ШТУРДИК

одбор за организација на
деновите на словачката култура во
социјалистичка република македонија

стручен организатор во скопје:
музеј на современата уметност

# Јозеф Штурдик - Jozef Šturdik

Музеј на современата уметност — скопје
Musée d'art contemporain — skopje — 15 — 25. X 1973

## НА ПОЧЕТОКОТ НА ОВАА ИЗЛОЖБА БИЛО ДЕЛОТО

(Дело така богато, оригинално и особено што ако не се изложи би значело да се изгуби ретка и сигурно веќе непофторлива прилика. Воедно би се нанело штета на авторот и на делата, кои без самостојно прикажување би се растуриле неповратно и никогаш повеќе не би можеле да овозможат такво големо и чисто доживување.

**(Да се преора земјата, зрно да се посее, да се пожнее плодот и да се приготви секојдневниот леб е илјадагодишно празнување на умот човечки — почит на човекот кон бескрајната мудрост на природата.**

**Да се нацрта слика, повеќе слики и да се наредат на килим како крилца од пеперуги на зелен покривач на ливада, значи чудото, на житото да му се даде нестивната мечта за да се дофати прасуштината на животот — да се зголеми плодноста на сонот.**

---

Нема тука да ги повторувам биографските датуми на авторот, но сметам за потребно, да ги спомeнам неговите илустрации за стиховите на К. Х. Маха, Иван Красек, П. Хоров, В. Реисел, Ј. Холи, Г. Аполинер, Ј. Волкер како и за старата кинеска поезија. И таа сама констатација зборува, дека на авторот поезијата му била секогаш блиска. Дека му била поблиска отколку што мислевме, авторот докажа 1971 година, кога нè изненади со својата поетска збирка „Полукруг".

**Сликата и поезијата се како две лози, две сестри, излезени од ист извор, од исто родителско гнездо.**

**Нивен далечен предок е знакот нацртан или врежан на пештерската стена, а нивната мајка радост од сончевите зраци, бол од тагата на ѕвездестите месечеви ноќи, чудење и страв од земјините стихии — огон и вода.**

---

Би била непотребна детална ретроспектива! А и така веројатно не ќе дознаеме, кога, каде и како се остварила таа судбоносна средба на авторот со поезијата. И покрај тоа во овој случај не ми изгледа тоа особено важно. Со суштина ќе биде речиси поедноставно да се констатира дека во овие слики авторот ги бие камбаните на поезијата.

Месечева светлина, птици, движење на троски, но и бол, линии и форми.

И метаморфози, вечни промени на природата, течење на времето, кое ќе профучи како метеор и ќе се изгуби во неповрат.

И тајни знаци на стебла кои се нишкаат и го означуваат движењето на ветерот и земјата.

Тивко шуштење на птичјите крилца, кои одлетуваат.
На хоризонтот се таласаат силуети од планини, кршкаат реки, летаат лисја, тревата шуми . . .

Зад кој облак ќе се скрие сребрестата месечина?
Авторовата четка се нишка како пролетно стебло од трева и ги регистрира чувствата на творецот со прецизност на осетлив сеизмограф.

**(Во моменти на тешкотија и тага ми се враќаат сликите на родната мајка, која со вешта рака мести на ленот сребро и злато, неизмерно богатство на орнаменти од народниот трнавски бит.**

**Златото, среброто и црнилото на покорната сива боја од лененото платно се мојата прва незаборавна галерија.**

(Дали е тоа вистински запис на реален пејзаж?

Дали се тоа нацртани песни?

Или е тоа спомен? Сон?

Кој знае! Мислам, дека сето тоа се наоѓа во едно. Зошто сликарот поет не го прикажал со таква точност изгледот на пејзажите како што биле неговите враќања во него. И мечти за познавање и сфаќање, познавање на светот и разбирање со своите блиски.

**(Ја сакам својата работа зошто ми овозможува многу слобода во пронајдувањето. Без неа не би можел да растам, да се развивам ниту пак би можел да се пресметам самиот со себе.**

**Без неа не би му го дал на животот, она што му го должам.**

**Ја сакам, зошто има многу роднина — сестри — кои би требало веќе да се разбираат. Затоа треба повеќе пати да се почнува од почеток и да се внимава, при сета слобода, да не се откинат земјовите и да не ја изгорат градината која расцветува.**

**Ја сакам — својата работа — зошто ми дозволува многу формални и технички изразувања и изискува многу знаење и не мала одговорност и чувство кон средината.**

**Ја сакам, затоа што преку неа можам да ја делам со секого својата радост, жал, тага и сон.**

---

(Можеби и затоа делуваат овие слики толку доверливо и така сугестивно, зошто го предупредуваат гледачот: тука творецот ја допрел тајната на времето. И за навек проколнатиот миг е една од особеностите на уметничката творба.

(Сите изложени дела Јозеф Штурдик ги создал во текот на 1972 година.

Дијалогот со авторот го водел

Братислава, март 1973 **Федор Кришка**





80

**Б И О Г Р А Ф И Ј А**

| | |
|---|---|
| 1920 | 13. март е роден во Крижовани, општина Трнава |
| 1939 | матурира на трнавската класична гимназија |
| 1939-42 | СВШТ во Братислава (одделение за цртање и фигурално цртање Ј. Мудрох) |
| 1942-44 | студент на Академијата за ликовна уметност во Виена |
| 1945-48 | асистент на Високата техничка школа |
| 1946 | престојува како стипендист на École des beaux arts во Париз |
| 1948 | самостојна изложба во Трнава |
| 1948 | самостојна изложба во Братислава (БУК) |
| 1958 | член на групата сликари„29. август" |
| 1959 | награда на изложбата „Заканувања и падежи" за сликата „Радиумов дожд" |
| 1959 | изложба на цртежи (цртани со јаглен) со сиже од песните на народниот уметник Иван Красек во прашката Шпалова галерија |
| 1960 | излага заедно со скулпторот Вацлав Каутман во Берлин (ГДР) |
| 1962 | изложба на илустрации (1956—1962) за поезијата на народниот уметник Иван Красек во изложбената просторија на Хвиездославскиот плоштад 14 |
| 1963 | член на групата „Живот" |
| 1963 | изложба на илустрации за поезијата на народниот уметник Иван Красек во Берлин (ГДР) |



86

1963 изложба на цртежи и илустрации за поезијата на Маховиот „Мај“ во Споменикот на чешката писменост на Страхов

1964 доделени му се три награди во IV. етапа на натпреварот „Комунистичката партија на Чехословачка во борба за социјализам и комунизам“ за 4 слики: „Ноќ на грозотијата“, „До утробата на земјата“, „Вечер“ и „Одмор“

1968 изложба на акварели по повод отворањето на Татрапрес во Братислава, Волгоградска 8

1969 изложба на илустрации за Маховиот „Мај“ во Окружниот музеј во Тренчин

1971 издава збирка на песни „Полукруг“ (илустрирани со уметнички фотографии од МУ др. Павел Бреиер)

1971 учество на V-от меѓународен симпозиум во Домот на словенските сликари во Моравани (септември — октомври)

1971 доделен му е спомен медал по повод на 50-годишнината на КПЧ

1972 учество на првото биенале на цртежи во Кошице



К А Т А Л О Г

1. Вертикали, 1971. Темпера, акварел, туш; акварелна хартија, 59 x 42
2. Чекање. 1971. Комбинирана темпера; хартија, 65,5 x 44,7
3. Сонување. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 84 x 59,5
4. Утро во зелено. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 84 x 59,5
5. Свеченост. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 59,5 x 84
6. Суштество. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 59,5 x 84
7. Панихида. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 84 x 59,5
8. Северец. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 84 x 59,5
9. Луна. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 84 x 59,5
10. Торнадо. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 84 x 59,5
11. Сонатина. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 84 x 59,5
12. Бајка. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 84 x 59,5
13. Претчувство. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 84 x 59,5
14. Пролет. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 59,5 x 84
15. Сфери. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 59,5 x 84
16. Ноктурно. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 59,5 x 84
17. Балада II. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 59,5 x 84
18. Зима. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 59,5 x 84
19. Височини. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 84 x 59,5
20. Апокалипса. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 59,5 x 84
21. Леќа. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 59,5 x 84
22. Пожар. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 84 x 59,5
23. Зора. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 84 x 59,5
24. Мета. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 62 x 44
25. Октомври. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 60 x 41,5
26. Облаци во модро. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 60 x 42
27. Рапсодија. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 60,2 x 42
28. Стихија. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 60,2 x 42
29. Облак. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 41,5 x 60
30. После жетва. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 60 x 41,5
31. Разделба. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 41,5 x 60
32. Дијалог. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 60 x 41,5
33. Драма. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 60 x 41,5
34. Во зора. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 41,5 x 60
35. Трски. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 60 x 41,5
36. Во очекување. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 41,5 x 60
37. Месец. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 41,5 x 60
38. Мисли. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 60 x 41,5
39. Утро во модро. Комбинирана темпера, хартија, 41,5 x 60

40. Ноќ на орбитата. 1972. Комбинирана; хартија, 60 x 41,5
41. Сонување. 1972. Комбинирана темпера, хартија, 41,5 x 60
42. Гаврани. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 60 x 41,5
43. Така тивко ... 1972. Комбинирана темпера; хартија, 60 x 41,5
44. Изгрејсонце. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 60 x 41,5
45. Размислувања. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 60 x 41,5
46. Тага во сенка. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 60 x 41,5
47. L'orage. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 60 x 42
48. Вечер на дијагонала. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 41,5 x 60
49. Прекори. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 60 x 42
50. Сина ноќ. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 60 x 41,5
51. Сонет во сиво. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 60 x 42
52. Ларго I. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 60 x 42.
53. Ларго II. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 41,5 x 60
54. Носталгија. 1972. Комбнирана темпера; хартија, 60 x 42
55. Пожар на сферите. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 59 x 41
56. Замолкнување. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 60 x 42
57. Во сеќавање I. 1972. Комбинирана темпера, 60. x 41,5
58. Во сеќавање. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 60 x 41,5
59. Орнамент. Комбинирана темпера; хартија, 60 x 41,5
60. Фрагменти. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 41,5 x 60
61. Шумичка. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 59,2 x 40,2
62. Пасторала. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 30 x 83,5
63. Балада. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 29,5 x 83,7
64. Ероика. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 29,5 x 83,5
65. Виулица. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 29,5 x 83,5
66. Фигура I. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 29,5 x 84
67. Фигура II. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 83,5 x 29,5
68. Фигура III. 1972. Комбиниранатемпера; хартија, 83,5 x 29,5
69. Пагански хорал. Комбинирана темпера; хартија, 83,5 x 29,5
70. Беспокојство. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 30 x 83,5
71. Полноќ. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 29,5 x 83,5
72. Барање. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 84 x 29,5
73. Есен. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 30 x 83,5
74. Елегија. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 29,5 x 83,5
75. Остен. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 84 x 30
76. Дозревање. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 84 x 30
77. Сиво утро. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 83,5 x 29,5
78. Тага. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 30 x 83,5
79. На хоризонтот. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 21 x 59,5
80. Мала пасторала. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 21 x 59,5
81. Спомен. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 21 x 59,5
82. Алеја. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 21 x 59,5
83. Зора во бело. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 21 x 59,5
84. Расудби. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 59,5 x 21
85. Сребрено сива. 1972. Комбинирана техника; хартија, 59,5 x 21
86. Реминисценција. 1972. Комбинирана темпера; хартија, 21 x 59,5







36



33



53



49

јозеф штурдик, скопје 1973
jozef šturdík, skopje 1973

издавач: републичка комисија за културни врски со странство, скопје и музеј на современата уметност, скопје
éditeur: commission de la république pour des relations culturelles avec l'etranger skopje, et musée d'art contemporain, skopje

одговорен уредник: борис петковски
rédacteur responsable: boris petkovski

подготовка на католотот: соња д. абаџиева
catalogue: sonja d. abadžieva

превод од словачки: донка роус
traduction du slovaque: donka rous

ликовна опрема на каталогот: соња д. абаџиева и теофил шулајковски
arrangement graphique du catalogue: sonja d. abadžieva et teofil šulajkovski

фотографии: ф. хидег
photographies: f. hideg

печатница: графички погон „светлост", скопје
imprimerie: grafički pogon „svetlost", skopje

тираж: 500
tirage: